**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
**Одбор за подигање спомен обележје**
**на Основачите на Македонската**
**Револуционерна Организација**
**Бр.14/4 од 09.01.2009 година**
**С К О П Ј Е**

**ДО СОВЕТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР**
**С К О П Ј Е**

Согласно Одлуката за подигање спомен обележје на Основачите на Македонската Револуционерна Организација бр.07-2766/7 од 6.11.2008 година, /„Службен гласник на Општина Центар„ бр.10/2008/ донесена од Советот на Општина Центар-Скопје, Одборот за подигање спомен обележје на Основачите на Македонската Револуционерна Организација, го доставува следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

Одборот за подигање спомен обележје на Основачите на Македонската Револуционерна Организација, формиран со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје, бр.07-2766/7 од 6.11.2008 година, на првата седница што ја одржа на ден 11.11.2008 година, утврди текст на Конкурс за изработка на идеен проект за подигање спомен обележје на Основачите на Македонската Револуционерна Организација.
На истата седница Одборот одреди, Конкурсот да се објави во дневните гласила „Дневник„ и „Време„ и рокот на траење на Конкурсот да биде до 23.12.2008 година.

Во утврдениот рок на траење на Конкурсот пристигнаа 4 трудови.

По поединечното отценување на конкурсните трудови, Одборот одлучи да не се додели прва награда.

Одборот одлучи да се доделат:

- Втора-изведбена награда во износ од 250.000,00 денари на конкурсниот труд под работен /деловоден/ број 08-3438/1 со шифра на авторот „2310893„, на авторот Ангел Коруновски , скулптор од Велес.

Трудот е ликовно организиран и кај него е нагласена динамичката композиција, ритамот и акцентот како поента. Структурално гледано, делото ги дава сите квалитети во пласирањето на пораките за единство и слобода. Основачите се прикажани како достоинствени градски ликови со длабока свест за идеологијата и државноста.

Скулптуралниот јазик на авторот е софистициран и многу солиден. Портретното решение е автентично и ја докажува скулптурската вештина на авторот.

Овој труд Одборот го предлага за изведбен бидејќи смета дека истиот ги има потребните естетски и скулпторски квалитети и со дадените сугестии од страна на Одборот во натамошната постапка може да ги исполни сите експлицитни барања од Конкурсот и Проектната програма.

- Трета награда во износ од 150.000,00 денари на конкурсниот труд под работен /деловоден/ број 08-3412/1 на авторот Дарко Петровски.

Овој труд е необичен и одстапува од „класичните конкурсни трудови„. Тој е кохерентен и со својата монолитност од која произлегуваат портретите на основачите на организацијата ја создава својата ликовна магија и скулптуралност. Ликовната структура е многу слободна и е во корелација со начинот на размислување и компонирање на формите.

- Одкупна награда во износ од 60.000,00 денари, на конкурсниот труд под работен /деловоден/ број 08-3436/1 со шифра на авторот „Иконостас„ на авторот Борис Николоски академски вајар.

Трудот е наметлив со својата монументалност и енергија на одлучност и единство во групата. Групата е прикажана во состојба на мисија кон ослободувањето и осамостојувањето на македонците.

Скулптурскиот дискурс е контролиран и недвосмислен и упатува на познавање на занаетот.

- Одкупна награда во износ од 60.000,00 денари, на конкурсниот труд под работен /деловоден/ број 08-3376/1 на авторот Горан Ѓорев од Демир Капија.

Во овој труд, ликовите на групата основачи на Македонската револуционерна организација се прикажани со верба и одлучност за поставените цели, што јасно се гледа од портретното решение.

Согласно на изнесеното, Одборот предлага да се подигне спомен обележје на Основачите на Македонската Револуционерна Организација, според второ наградениот проект на авторот Ангел Коруновски, скулптор од Велес.

Одбор за подигање спомен обележје на
Основачите на Македонската
Револуционерна Организација
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Димитар Богески